РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA PËR MBIKËQYRJE TË FINANCIMIT KAPITAL TË SIGURIMIT PENSIONAL
Бр.-Nr. 01-76/87
31.10.2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРОЦЕДУРА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊЕ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

| | **Име и презиме** | **Функција** | **Потпис** |
|---|---|---|---|
| **Изработил** | Емилија Рамова | Автор на документ | |
| **Прегледал** | Енгин Елмаз<br>Емилија Рамова | Раководител на отсек<br>ПРК | |
| **Одобрил** | Ремзи Бајрами | Претседател на Советот на експерти | |

Оригиналот се чува кај: ПРК

Вид на примерокот и реден број: ☒ Оригинал

Контролирана копија

Информационен

Доставен до: Архива и ПРК

| *Евиденција на извршените промени во документот:* | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Реден Број | Причина за промена | Опис на промена | Променил | Потпис Дата |
| 1. | Дополнување на издание 0 | Се | Јана Илиќ Марин | 25.10.2012 |
| 2. | Дополнување на издание 1 | Се | Билјана Лозановска<br>Емилија Рамова | 10.10.2013 |
| 3 | Дополнување на издание 2 | Усогласување на називи со ситематизација | Емилија Рамова | 10.06.2015 |
| 4 | Дополнување на издание 3 | Усогласување називи | Емилија Рамова | 19.02.2016 |
| 5 | Дополнување на издание 4 | Усогласување со барањата на новата верзија на ИСО 9001:2015 | Емилија Рамова | 26.12.2018 |
| 6. | Дополнување на издание 5 | Дополнување на чекори | Емилија Рамова | 30.10.2025 |

## Изјава за доверливост на информациите

Овој документ е дел од Системот за Управување со Квалитет на МАПАС. Сите корисници на овој документ треба да ги исполнуваат барањата на СУК за работа со доверливи информации.
Информациите кои се содржани во овој документ се сопственост на МАПАС.
Информациите од овој документ нема да бидат умножувани или користени, делумно или целосно, без претходна итна писмена авторизација од МАПАС. Нема да биде умножувана или користена, делумно или целосно, за било која

друга цел освен за потребите на овој проект, и ќе биде вратена доколку тоа се побара.
Овој документ го подготвија лица вработени во МАПАС кој ги има авторските права за овој документ.

Сите авторски права се на МАПАС
Сите права се резервирани.
Печатено во Скопје, Р. Македонија.
**Подготвено од:** МАПАС

## 1. Опфат и носител

Со ова процедура се уредува начинот на остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата, како самостоен и независен државен Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер Агенцијата има листа на информации со кои располага и истата е објавена на интернет страната на Агенцијата.

Овој документ е составен дел од Системот за управување со квалитет (СУК) и има за цел да ги дефинира дејностите и задолженијата на службеното лице за посредување со информации од јавен карактер во име на Агенцијата.

Целта е достапност и поголема транспарентност на информациите со кои располага Агенцијата.

Овој процес се извршува во рок од 30 дена од прием на барање.

Носител:
Отсек за односи со јавност и стандардизација, Раководител на одделение за стандардизација

## 2. Дефиниции и кратенки

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер - СЛПИЈК
Отсек за односи со јавност и стандардизација - ООЈС
Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер - ЗСПИЈК

## 3. Опис на активности

Процесот се состои од следните чекори:

1. **_Прием на барање_**

Оваа процедура започнува со доставување на (прилог 1) барање од лице-барател на информација од јавен карактер. Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер е должно да ја води и комплетира постапката по примено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок и на начин согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Барателот информацијата може да ја бара усно, писмено или во електронски запис и наведува дали сака увид, препис, фотокопија или електронски запис од информацијата.

2. **_Разгледување на барање_**

По приемот, Службеното лице го разгледува барањето (прилог 1) и се запознава со неговата содржина. Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, контактира и ги дава потребните информации и му помага на Барателот на информации, за што води посебна евиденција за примањето на барања за информации, чувањето и давање на информациите.

РОС го разгледува барањето и утврдува дали располага со бараната информација и дали постои исклучок од слободен пристап на информација од јавен карактер.

При тоа, ако барањето е непотполно и поради тоа Агенцијата како Имател на информацијата не може да постапува, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер ќе побара од Барателот на информацијата во рок од 3 дена да го дополни барањето, со укажување на последиците ако тоа не го направи. Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер е должно на Барателот да му даде соодветна помош при дополнување на барањето._Барателот е должен да го дополни Барањето во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за потребата од дополнување на барањето.

Ако Барателот не постапи согласно со член 17 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, во име на Агенцијата како Имател на информации со Решение ќе го отфрли барањето.

Против решението од член 17 ставот (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата.

Ако барањето и по дополнувањето не ги исполнува условите од членот 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и, поради тоа Агенцијата, не може да постапи по барањето, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер ќе донесе Решение со кое ќе го отфрли барањето.

Против решението за отфрлање на барањето од член 17 ставот (5) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер дозволена е жалба до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

## 3. *Одговор на барање*

### 3.1 Постапување по усно Барање за информации од јавен карактер

Ако Барателот бара пристап до информација со усно барање, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, во име на Агенцијата како Имател на информации, е должно најдоцна во рок од пет дена од денот на поднесување на барањето, му овозможува на барателот запознавање со содржината на бараната информација на начин што му овозможува увид, или му обезбедува препис, фотокопија или електронски запис од бараната информација, на начин со кој барателот ќе има доволно време да се запознае со нејзината содржина, за што Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер составува записник, освен ако се работи за информации од членот 6 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Ако Агенцијата како Имател на информацијата одговори негативно на барањето или не може веднаш да одговори на барањето, како и ако Барателот има устен или писмен приговор на начинот на запознавањето со информацијата, службеното лице за посредување со информации е должно за барањето да изготви Решение во кое ќе внесе податоци за Барателот, датумот на прием на барањето и да го извести Барателот за посебното барање, односно за бараната информација.

Против решението од член 13 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот на информација има право на жалба до Агенцијата, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Во случаите од член 13 став (3) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, натамошната постапка по усно барање продолжува како по писмено барање во согласност со овој закон.

### 3.2. Постапување по писмено Барање за информации од јавен карактер

За писменото барање за пристап до информации одлучува Агенцијата како Имател на информации во постапка утврдена со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, при што постапката ја води и комплетира Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер.

За прашања на постапката од член 14 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер кои не се уредени со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се применуваат одредбите од Законот за општата управна постапка.

### 3.3 Постапување по Барање за информации од јавен карактер во електронска форма (преку е- меил)

Барањето поднесено во електронска форма се смета за писмено барање согласно со членот 14 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, кои се однесуваат на барање во писмена форма, како и одредбите од Законот за општата управна постапка.

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, во име на Агенцијата како Имател на информации при своето одлучување по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер донесува неколку видови решенија:

- Решение со кое се отфрла Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер доколку Барателот не постапи согласно со член 17 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Решение со кое позитивно се одговара на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Решение со кое делумно се одбива барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Решение со кое целосно се одбива барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер.

### 3.4 Постапување по Барање за информации од јавен карактер во случај кога се работи за исклучоци согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Во случаи кога се работи за барања за пристап до информации од јавен карактер кои спаѓаат во делот на искпучоци од слободен пристап до информации од јавен карактер, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, во соработка со останатите административни службеници кои работат на соодветни предмети кои се поврзани со барањето, спроведува Тест на штетност како задолжителна постапка пред да донесе Решение со кое се одбива пристап до бараната информација.

Кога се работи за покомплексни или пообемни барања за слободен пристап, одговорното лице во Агенцијата е должно да воспостави и да одржува соодветен систем на комуникација и поддршка помеѓу службеното лице за посредување со информации од јавен карактер и другите вработени во Агенцијата, со цел правилно спроведување на целокупната постапка, вклучително со Тестот на штетност.

## 4 *Листа на информации со кои располага Агенцијата за штита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер*

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер редовно ја води и ажурира листата на информации од јавен карактер со кои располага Агенцијата и истата ја објавува на интернет страната на Агенцијата, во соработка со административен службеник од Секторот за соработка, транспарентност и едукација, кој има пристап и овластување за прикачување на податоци на веб страницата на Агенцијата

## 5. *Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер*

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер, подготвува Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно член 36 од горенаведениот Закон.

## 4. Дистрибуција

Раководител на одделение за стандардизација
Претседател на Советот на експерти

## 5. Референтни документи:

- Фамилија на стандарди ИСО 9001:2015;
- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер.

## 6.Документирана информација:

| Име на документирана информација | Ознака | Носител на документирана информација | Д/И |
|---|---|---|---|
| Барање за пристап до ИЈК | Прилог 1 | Барател | |
| Решение со кое се отфрла Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер доколку Барателот | 751.3.11 | СЛПИЈК | |
| Решение со кое позитивно се одговара на барањето за слободен пристап | 751.3.08 | СЛПИЈК | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| до информации од јавен карактер; | | | |
| Решение со кое делумно се одбива барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер; | 751.3.09 | СЛПИЈК | |
| Решение со кое целосно се одбива барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер | 751.3.10 | СЛПИЈК | |
| Одговор на жалба од Барател на информации | 751.3.07 | СЛПИЈК | |
| Годишен извештај до Комисијата | Прилог 2 | СЛПИЈК | |